Macedonian

# Проверката на дојките и вие

## 20 минути секои 2 години би можеле да ви го спасат животот.

## За ракот на дојката

**1 од 7**

1 од секои 7 жени во Нов Јужен Велс заболуваат од рак на дојката во текот на нивниот живот.[1]

Клучните ризични фактори за заболување од рак на дојката се женскиот пол и стареењето – повеќе од 75% од случаите на рак на дојката се јавуваат кај жени на возраст над 50 години.[2]

Најдобриот начин рано да се открие ракот на дојката кај жени на возраст од 50 до 74 години е да се направи проверка на дојките (мамограм). Мамограмот е рендгенска снимка на дојките. Со мамограмот може да се открие рак на дојката кој е многу мал пред да може да се види или почувствува.



### 9 од 10 жени

со рак на дојката немаат семејна историја на болеста.[3]

Колку порано се открие ракот на дојката, толку поголема е шансата да го преживеете.

## Проверка на дојките

Програмата BreastScreen NSW е бесплатна и е посебно наменета за жени на возраст од 50 до 74 години. На жените во оваа староснa група им се препорачува да прават проверка на дојките (мамограм) секои две години.

Жените на возраст од 40 до 49 години и жените постари од 75 години исто така можат да прават проверка на дојките. Ве молиме прво да разговарате со вашиот доктор за ризиците и користа од проверката за вас.

За закажување на проверката на дојките не е потребен упат од вашиот доктор.

Сите радиолошки технолози од програмата BreastScreen NSW се жени. Тие користат современа опрема со која се прават мамограми со највисок квалитет со најмала доза на зрачење.

Проверката на дојките со BreastScreen NSW е наменета за жени кои немаат симптоми на рак на дојката.

Веднаш посетете го вашиот доктор ако забележите било какви симптоми, на пример, грутка во една или двете дојки, исцедок од брадавиците или постојана болка во дојките која не сте ја имале претходно.

## Закажување на вашиот мамограм

1. За да закажете термин, јавете се на 13 20 50.
2. Ако ви е потребен преведувач за да ви помогне да закажете термин, телефонирајте во Службата за писмено и усмено преведување (TIS) 13 14 50. Не ја спуштајте слушалката кога ќе слушнете снимена порака. Кажете јасно кој јазик го зборувате и причекајте додека да го слушнете гласот на преведувачот.
3. Кога ќе закажувате термин, известете ги во BreastScreen NSW ако имате импланти во дојките.

## На денот на мамографијата

- ✓ Осигурајте се да ја знаете адресата на местото на BreastScreen NSW.
- ✓ Донесете ги претходните рендгенски снимки од мамограми ако вашата последна проверка на дојките не сте ја направиле со BreastScreen NSW.
- ✓ Донесете ги податоците за вашиот доктор за да може да му се испратат резултатите од тестот.
- ✓ Носете дводелна облека. За време на мамограмот, ќе треба да се слечете од половина на горе.
- ✗ Не користете пудра во прав, дезодоранс или кремови на денот кога го правите мамограмот. Тие можат да влијаат на резултатите на рендгенската снимка.

## При мамографијата

- Вашата проверка ќе трае околу 20 минути.
- Жена радиолошки технолог ќе ве однесе во приватна соба каде што ќе можете да го соблечете горниот дел од облеката и да го извадите градникот.
- Ќе ве замоли да застанете пред машина со која ќе се направат две рендгенски снимки на секоја дојка. Секоја дојка се поставува на плочата на машината и се прави рендгенска снимка. Известете го радиолошкиот технолог ако имате чувствителни дојки или проблеми со грбот или рамењата.
- Правењето на мамограм може да биде непријатно. Ако се опуштите, тоа може да помогне во намалувањето на непријатното чувство или болката. Постапката трае само неколку минути.
- Можете да го замолите радиолошкиот технолог да престане со мамографијата во било кое време. Исто така, можете да побарате да имате кратки паузи меѓу рендгенските снимки.

## После вашиот мамограм

- Најмалку два обучени доктори ќе ги прочитаат вашите рендгенски снимки независно еден од друг.
- Резултатите од мамограмот ќе ги добиете со писмо. Ова зема околу 2 недели.
- Ако дадете дозвола, вашите резултати ќе му бидат испратени на вашиот доктор.
- Ако на вашиот мамограм има нешто што треба да се испита понатаму, ќе ве замолат да посетите Assessment Clinic (Клиника за процена) за да направите дополнителни тестови. 9 од 10 (90%) жени кои се повикани да направат дополнителни тестови немаат рак на дојката.

1 Годишни податоци за стапката на појава на рак на дојката и смртноста во Нов Јужен Велс, 2016 (користен материјал од NSW Cancer Registry, Cancer Institute NSW). cancer.nsw.gov.au/understanding-cancer/cancer-in-nsw/data-calculations

2 Австралиски институт за здравје и благосостојба 2018. Извештај за контрола на BreastScreen Australia од 2018. Cancer series no. 112. Cat. no. CAN 116. Canberra: AIHW.

3 Здружена група за испитување на хормонални фактори при рак на дојката, 2001. Рак на дојката во семејствата: повторна заедничка анализа на податоци за поединци од 52 епидемиолошки студии вклучувајќи 58.209 жени со рак на дојката и 101.986 жени без оваа болест.
Lancet 2001; 358: 1389–99

BRS-0106-02.21 | SHPN (CI) 210589-10